# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

("Службен весник на Република Македонија" број 42/2010)

Член 1

Во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија (,,Службен весник на СРМ” број 36/90 и ,,Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008 и 92/2009), во членот 29-б став 1 процентот “84%” се заменува со две точки и се додаваат пет нови алинеи, кои гласат:

“- 40% во општини до 10.000 жители,
- 50% во општини од 10.001 до 25.000 жители,
- 60% во општини од 25.001 до 50.000 жители,
- 70% во општини над 50.001 жители и
- 100% во градот Скопје. “

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 92/2009), во членот 1 став 2 годината “2010” се заменува со годината “2011”.

Член 3

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 92/2009), во членот 2 износот ”26.229,00 денари” се заменува со износот “25.726,00 денари“, а годината “2010” се заменува со годината “2011”.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".

.